Врз основа на Одлуката за објавување конкурс за ученици од основното и средното образование по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври и Светскиот ден на осигурувањето – 1 ноември и одобрување средства О бр. 02-29685/1 од 18.9.2018 година, Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии на Република Македонија и Агенцијата за супервизија на осигурување објавуваат

**КОНКУРС**

**за ученици од основното и средното образование по повод**

**Светскиот ден на штедењето – 31 октомври**

**и Светскиот ден на осигурувањето – 1 ноември**

1. Теми и услови на конкурсот за учениците од основно образование

Учениците од основното образование може да испратат **литературна творба** – **песна и/или ликовна творба – цртеж** на една или на двете зададени теми:

**„И јас умеам да штедам“** и

**„Што значи за мене осигурувањето на домот и семејството“**

За избраните најдобри творби на учениците од основно образование ќе им бидат доделени вкупно 12 награди, и тоа:

- по 3 награди за најдобра литературна творба – песна на двете теми, или вкупно 6 награди.
- по 3 награди за најдобра ликовна творба – цртеж на двете теми, или вкупно 6 награди;

На учениците чиишто творби се наградени ќе им биде доделена парична награда во износ од 3.000,00 денари за најдобра ликовна и литературна творба, со депонирање на паричната награда во банка по нивен избор.

**Крајниот рок за доставување на творбите е 15 октомври 2018 година.**

2. Теми и услови на конкурсот за учениците од средно образование

Учениците од средното образование може да учествуваат на конкурсот на два начина:

а) да испратат литературна творба – **есеј** на тема: **„Штедам – мислам на својата иднина“.**

Есејот треба да има најмногу 1.800 зборови и да содржи личен поглед кон штедењето, со осврт на некои од следниве прашања: причините и потребата за штедење, значењето на штедењето за иднината, ставот кон штедењето на младата популација наспроти повозрасните, семејните навики и штедењето, познавањата на младите за штедењето во финансиските институции и други аспекти.

б) да испратат литературна творба – **расказ** на тема: **„Што значи за мене осигурувањето на домот и семејството“.**

За избраните најдобри творби на учениците од средното образование ќе им бидат доделени вкупно 6 награди, и тоа:

- 3 награди за најдобра литературна творба – есеј;
- 3 награди за најдобра литературна творба – расказ.

На учениците чиишто творби се наградени, ќе им биде доделена парична награда во износ од 6.000,00 денари со депонирање на паричната награда во банка по нивен избор.

**Крајниот рок за доставување на творбите е 15 октомври 2018 година.**

Заеднички услови коишто важат за учениците од основно и средно образование:

Со цел да се заштити работата на учениците, Ве молиме потпишете ги Вашите творби, со тоа што на задниот дел на творбите задолжително да се наведат следниве информации:

- Име и презиме на ученикот,
- Назив на училиштето каде што ученикот посетува настава (одделение / година / општина / село / град),
- Име и презиме на родителот / старателот со адреса на живеење, и
- Телефон за контакт на родителот / старателот / наставникот / професорот.

Начин на достава на творбите:

Сите творби (цртеж, песна, расказ и есеј) може да се достават директно во Архивата на Народната банка или преку пошта. Литературните творби (песна, расказ и есеј) може да се достават и по електронски пат на следнава електронска адреса: **edukacija@nbrm.mk**.

Адреса за достава преку пошта со назнака:

**„За конкурс по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври“ и/или**
**„За конкурс по повод Светскиот ден на осигурувањето – 1 ноември“**
**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 1, 1000 Скопје.**

Пристигнатите творби ќе ги разгледуваат и ќе ги оценуваат жири-комисии формирани од претставници на Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии на Република Македонија и Агенцијата за супервизија на осигурување.

Списокот на наградените ученици, датумот и локацијата на доделувањето на наградите ќе бидат објавени најдоцна до **31 октомври 2018 година**, на интернет-страниците на трите институции: на Народната банка http://nbrm.mk/, на Министерството за финансии http://finance.gov.mk/ и на Агенцијата за супервизија на осигурување http://aso.mk/.

За подетални информации Ве молиме обратете се на електронската пошта на Народната банка: edukacija@nbrm.mk, Министерството за финансии: finance@finance.gov.mk и Агенцијата за супервизија на осигурување: contact@aso.mk.